СПИ 6/23

[redacted]

[redacted]

**До**
**Основен суд Прилеп**
**ул. Гоце Делчев бб.**

ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП
ПРИМЕНО
на 08 МАЈ 2023 год.

**ПРЕДМЕТ: Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

[redacted] спроведува мониторинг на спроведување на Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Северна Македонија (2021-2025) во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“, финансиран од Европската Унија.

Врз основа на ова, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19) бараме одговор на долунаведените прашања:

1. Колку пресуди за општокорисна работа се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
2. Колку пресуди за условна осуда се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
3. Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
4. Колку пресуди за судска опомена се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
5. Колку пресуди за куќен затвор се изречени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.
6. Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обажалени? Ве молам да ни доставите податоци за период 2021 и 2022 година.

Доколку имате дополнителни информации или прашање ве замолуваме да го контактирате електронски лицето за контакт и тоа Александра Трајановска aleksandra.trajanovska@mhc.org.mk 070/666-654

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**√ електронски запис**

- д) друго ______________________________

08.05.2023

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **√ г) е-маил**
- д) друго ___________________________________

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса:

Изработила

А.Т.

Скопје, 04.05.2023 година

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА - СКОПЈЕ

---------------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.6/2023
22.05.2023

ДО

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Предмет:Одговор на Ваше барање за пристап на информации од јавен карактер бр.03-297 од 04.05.2023год.

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци, Ве информираме дека во периодот 2021 и 2022год. во Основниот суд во Прилеп не се изречени пресуди за општокорисна работа. За истиот период, 2021 се изречени 304 пресуди за условна осуда и 134 пресуди во 2022год. Во текот на 2021 и 2022год. не се изречени пресуди за условна осуда со заштитен надзор. Во 2021год. изречени се 4 судски опомени и 2 судски опомени во 2022год. Во текот на 2021 и 2022год. не се изречени пресуди за куќен затвор. Во 2021год. 26 пресуди со изречени алтернативни мерки се обжалени, а 2 во 2022год.

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД 35 ПРИЛЕП

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Зоран Стеваноски

Р
Пратено по е-маіл на ден
23.5.23